РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-240/5**

**Скопје, 21.07.2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Гази Баба за 2007 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Гази Баба за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Коце Трајановски, градоначалник на општина Гази Баба во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 05.03.2008 до 03.04.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**10.1.1. Процес на буџетирање**

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата констатира дека постои ризик во однос на квалитетното и навремено донесување на Буџетот. Имено, во актите на Општината во однос на организирањето на општинската администрација постои јасно дефинирана организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во процесот на изготвување на буџетот, меѓутоа, до крајот на 2007 година, не е остварена соодветна пополнетост на администрацијата со вработени во делот за изготвување на буџетот.
Работење без разграничување на одговорностите и невоспоставени контролни постапки, создава можности за грешки во работењето и намалување на квалитетот на донесениот Буџет.
Буџетскиот календар во кој се утврдени роковите за планирање и донесување на општинскиот буџет за 2007 година не е донесен од советот на Општината. Ова може да резултира со доцнење во постапката на изготвување и донесување на Буџетот на Општината.
За време на ревизијата советот на општина Гази Баба го донесе буџетскиот календар за буџетот за 2009 година.

**Препорака:**

Градоначалникот да обезбеди соодветна екипираност со вработени, одговорни за процесот на изготвување и извршување на буџетот .

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Општина Гази Баба не ја почитува процедурата за издавање одобренија за користење јавни пешачки површини пред деловните објекти за поставување на урбана опрема со тоа што не се доставуваат елаборати за одобрување во Град Скопје, согласно Одлуката за користење на јавните пешачки површини на подрачјето на општина Гази Баба. Исто така општината нема донесно интерен акт за дефинирање на постапката за утврдување на комуналната такса за користење на јавни површини пред деловни простории и нема задолжено лице за извршување на овие активности. Решенијата што се изготвуваат не содржат вкупен износ на комунална такса, денови на користење и начин на плаќање што создава услови за погрешно утврдување на комуналната такса и неможност на службите да преземат соодветни мерки за наплата на истата. Непостоењето пишани процедури и непостоење разграничување на

надлежностите во процесот на утврдување и наплата на комуналната такса за користење на јавни површини пред деловни простории создаваат можност за нереално утврдување на приходите по овој основ.

**Препорака:**

Градоначалникот да задолжи лице за утврдување на комуналните такси за користење јавни пешачки површини пред деловните објекти и да се донесе интерен акт за уредување на постапката за утврдување на комуналните такси за користење на простор пред деловен објект.

**10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.3.1. Општина Гази Баба со Буџетот за 2007 година има планирано приходи/расходи во износ од 219.037 илјади денари, меѓутоа во текот на 2007 година реализирани се приходи во износ од 169.515 илјади денари и расходи во износ од 143.721 илјади денари при што е остварен вишок на приходи во износ од 26.023 илјади денари. Планираните приходи се остварени со процент од 77,39%, а расходите со процент од 65,61%. Според тоа, општина Гази Баба имала обврска да донесе ребаланс согласно одредбите од Законот за буџетите, заради неостварување на планираните приходи за повеќе од 5%, кој го донесува советот на општината на предлог на градоначалникот. Непочитување на законските одредби придонесува за неусогласеност на остварените и планираните приходи и расходи, на буџетот за 2007 година.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината во случаите кога остварувањето на приходите планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5%, задолжително до Советот да предложи ребаланс на буџетот.

10.3.2. Општина Гази Баба нема воведено регистар на недвижен и на подвижен имот за обврзниците кои подлежат на оданочување со данок на имот, спротивно на Законот за даноците на имот и Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на евиденција и на регистарот на недвижен имот и регистарот на подвижен имот. Оваа обврска од Законот за даноците на имот ја имаат како општините во Град Скопје така и Градот Скопје кој врши наплата на данокот на имот за општините. Невоспоставениот регистар придонесува да се нема точен увид за даночните обврзници по основ на данок на имот и влијае на комплетноста и висината на остварените приходи по овој основ.

**Препорака:**

Општина Гази Баба во заедничка соработка со Град Скопје да ги воспостави овие регистри како и да преземе мерки во рамките на нејзините надлежности редовно да ги ажурира.

**10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

10.4.1. Во финансискиот извештај Биланс на состојба не е усогласена состојбата на позицијата Пасивни временски разграничувања во делот на Вишок на приходи над расходи со неискористените расположиви средства на позицијата Сметка на ден 31 декември 2007 година. Ова е спротивно на начелото на парично искажување на приходите и расходите пропишано со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на Законот за сметководството на буџетите и

буџетските корисници придонесува позицијата Вишок на приходи над расходи да е проценета во понизок износ за 230 илјади денари и до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Службата за сметководство при водење на сметководствената евиденција да го почитува принципот на парично искажување на приходите и расходите. Вишокот на приходи да го усогласува со паричните средства на сметката на ден 31 декември.
10.4.2. Позициите Побарувања и Пасивни временски разгарничувања во Билансот на состојба на 31 декември 2007 година се нереално проценети, односно помалку се искажани за износот на неевидентираните побарувања по основ на надомест за уредување на градежно земјиште и комунална такса за користење на простор пред деловна просторија.
Не е воспоставена пракса за издавање на фактури и евидентирање на истите кои произлегуваат од договорите, решенијата или пресметките што службите во општината ги доставуваат до правни и физички лица (излезни документи) по основ на надомест за уредување на градежно земјиште и комунална такса за користење на простор пред деловна просторија.
Неевидентирањето на побарувањата во моментот на нивното настанување е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереални и некомплетни финансиски извештаи.

**Препорака:**
Секторот за финансии и буџет да воспостави евиденција на побарувањата по основ надомест за уредување на градежно земјиште и комунална такса за користење на простор пред деловен објект во општина Гази Баба.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Гази Баба на ден 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Мислење за законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година ќе се изрази во извештајот на државните ревизори за финансиските извештаи на сметката на Органот на општина Гази Баба.

13. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2004 година, за сметката на Буџетот на општина Гази Баба, ревизијата констатира дека преземени се мерки согласно важечката законска регулатива и е постапено по препораките на ревизијата, освен по точката која се однесува на наплата на побарувањата од минати години за што не се преземени мерки.

**14. Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата:**
**14.1.Корекции кај Билансот на состојба**

14.1.1. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на побарувањата за 50.128 илјади денари по основ на данок на имот и комунална такса, како и на пасивните временски разграничувања за истиот износ како нивна кореспондентна сметка.

**Скопје 15.07.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 111.706 | 100.549 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 6.189 | 2.322 |
| Капитални приходи | 3.3. | 291 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 51.329 | 43.967 |
| **Вкупно приходи** | | **169.515** | **146.838** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 24.855 | 19.951 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 253 | 286 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 42.503 | 39.881 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 5.345 | 3.377 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 2.395 | 807 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **75.351** | **64.302** |
| **Капитални расходи** | 3.5.6. | **68.371** | **68.672** |
| **Вкупно расходи** | | **143.722** | **132.974** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **25.793** | **13.864** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2007 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 26.023 | 14.232 |
| Побарувања | 4.1.2. | 66.074 | 9.134 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 142 | 2 |
| **Вкупно тековни средства** | | **92.239** | **23.368** |
| **Вкупна актива** | | **92.239** | **23.368** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 91.868 | 22.997 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **91.868** | **22.997** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.2.2. | **371** | **371** |
| **Вкупна пасива** | | **92.239** | **23.368** |